Д-р Јован КОРУБИН

## НАУЧНИКОТ И ПОЛИТИЧАРОТ: ВЕБЕРОВАТА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ДИСТАНЦА

Социолошката мисла на Макс Вебер доживува, сосема извесно, своја повторна афирмација. Вебер, како што тоа многу јадровито го кажува и насловот на еден скорешен зборник посветен на неговото дело, се препрочитува и на исток и на запад.[1] И додека социолозите од земјите на т.н. транзиција сѐ повеќе се свртуваат кон неговиот метод на разбирање на значењата на општествените појави, сакајќи да го пронајдат најсоодветниот начин за социолошко толкување на она што често, како ирационалност, се случува во тие средини, на западот неговата актуелност се повеќе се изразува во дискусиите за она што Вебер го нарече "ослободување од вредности" т.е. за прашањето дали општествените науки можат или треба да бидат "морално неутрални".[2]

Питер Бергер ќе забележи дека Вебер и денес е најдобар водач низ социолошкото методолошко минско поле.[3] Во таа насока, за нас е особено значајно што Вебер укажува, многу децидно, на двата најзначајни аспекта на социолошкото истражување. Едниот аспект се однесува на самата методолошка постапка на истражувачот, аспект кој е, се чини, најчесто во средиштето на методолошкото внимание. Вториот аспект, пак, се однесува на оној што ја спроведува таа постапка, на истражувачот, на неговата личност како таков, аспект кој, исто така, според нашето мислење е донекаде запоставен во методолошката опсервација а кој е не помалку значаен за социолошкото промислување. Всушност, при одредени услови, тој аспект може да биде дури и пресуден за тоа промислување.

Таквите одредени услови, во многу нешто, ние ги имаме во актуелниот миг. Силните општествени промени што ни се случуваат, проследени со голем набој на емоции, вредносни и антивредносни судови, изразени морални дилеми и прекршувања, судир на вчерашното со денешното како негација на еден поредок, нѐ натера да се задржиме на овој втор аспект.

* * *

Доволно е, се чини, да се проследи Веберовото дело за да се сфати како треба да се прави социологија во смисла на објективноста на истражувањето и предусловите за негово изведување, во ерудитска смисла. Ќе се воочи веднаш дека квалификацијата на социологот е, пред сѐ, "во способноста да ги проценува емпириските докази", и во таа своја проценка да биде, да ја прифатиме метафората на Бергер, еден вид картограф. Социологот е творец на мапи, вели Бергер. Со други зборови социологот, низ анализата што ја прави ја овозможува ориентацијата во општествениот простор, во процесите и односите што во тој простор се развиваат. Општествената мапа, меѓутоа, не значи дека таа ни кажува многу за "патувањето" низ тој простор особено во смисла на некаква вредносна ориентација бидејќи социологот не е квалификуван да не посоветува за моралниот статус на нештата. Избор на поединецот е што, во вредносна смисла, ќе прифати, а што не, толкувајќи ја таа мапа. Социологот, сепак, не е ослободен од одговорноста доколку и самиот од некакви сопствени вредносни причини, "намерно ја деформира" таа мапа, односно стварноста. Тоа веќе не е социологија-ќе подвлече Бергер, укажувајќи на суштината на Веберовата методолошка инструкција за социологот: дека неразделен дел на неговата социолошка обука е дисциплината на непристрасноста. Таа дисциплина го прави способен "на ситуацијата да гледа јасно, да се огради од сопствените чувства и убедувања, да настојува да сфати што другите чувствуваат и во што веруваат", па, во, тој правец да ја набљудува стварноста дури и тогаш кога она што социологот го забележува е "сосема поинакво од она што тој би сакал да биде".[4]

Но, веднаш, се поставува прашањето: како да се постигне таа "дисциплина на непристрасноста" или, дури и прашањето дали е таа воопшто остварлива? Вебер, со нему својствена леснотија ја разрешува таа дилема. Тој меѓу научните сознанија и вредносните ставови ја уфрла, така даречеме, научната дистанца, не во некаква строго логичка смисла туку во смисла на личниот однос на научникот, односно социологот, кон научната вистина, од една страна, и вредностите, од друга страна. Науката, според него, не може да ги оценува вредностите и во однос на нив таа треба да биде слободна. Научникот, пак, треба да се стреми да ја утврдува вистината, да ја оценува стварноста. Или, како што тоа добро го формулира Лукиќ, науката се состои од стварносни, а не вредносни искази.[5] Со тоа таа се става во позиција да се занимава со она што е, а не со она што би требало да биде.

Сѐ додека е на полето на науката социологот не е моралист иако, вон тоа поле тој е, исто така, човек со свои сопствени вредносни ставови. Поседувањето на научната дистанца од тие вредности оттука е, интелектуален квалитет кој другите луѓе не го поседуваат. Токму поради тој интелектуален квалитет оваа дистанца и ја нарекуваме интелектуална дистанца. Создавањето, вградувањето во себе и однесувањето во согласност со таа дистанца за Вебер е неопходната "жртва на интелектот" што научникот мора да ја принесе пред олтарот на науката. Со таа "жртва" тој, всушност, го зачувува својот етос, етосот на својот позив. Или, како што Вебер ќе рече: во научната област "личност" има само оној кој му служи единствено на своето дело.[6] Вебер, значи, ја отфрла вредносната позиција на научникот во интерес на фактите. А, "таму, каде што човекот на науката излегува со своја сопствена вредносна процена, разбирањето на фактите престанува".[7] Оттука и ставот на Вебер дека науката и научникот треба да се воздржуваат од создавање на т.н. погледи на светот кои, во крајна линија, најчесто се претвораат во идеологија.

Научните вистини и идеалите на луѓето Вебер, сепак, не ги сопоставува антагонистички. Тој, како што ќе биде забележано, само пледира "за јасно раздвојување на познанието и вредностите, во име на конзеквентноста, интелектуалната чесност, просветеноста" што ги елиминира "фанатизмот, слепите безусловности, ирационализмот, индоктринацијата, митовите", со цел нештата секогаш да бидат подложни на рационална проверка, дискусија и научна анализа на нивните услови и последици.[8] Зборувајќи за улогата на предавачот во универзитетските аули, Вебер ќе истакне дека негова прва задача е да ги научи слушателите да ги признаваат незгодните факти, што ќе рече фактите кои субјективно или официјално не ни одговараат. Прифаќањето на таквите факти е веќе "еден интелектуален успех". Ни се чини дека тоа е и првиот чекор кон создавањето на интелектуалната дистанца на научникот.

Вебер, сепак, не е "моралист" во поглед на позицијата на научникот. Надвор од сферата на научното тој ја признава неговата слобода и право, како граѓанин, да се бори практично (за Вебер поимот на практичното, често е идентичен со поимот на вредносното) за одредени идеали и вредности, оценувајќи ја сам практичноста од тоа. Вебер е свесен за реалните текови што ја определуваат човековата акција. Затоа, во едно пошироко толкување, науката и општествената акција не можат реско да се одвојат, бидејќи науката е ориентир за самата акција и како таква, таа го насочува општественото дејствување. Таа свесност за реалната позиција на научникот ќе го натера

Вебер да го употреби и изразот "двојно лице на професијата научник". Тоа двојство ни самиот Вебер, во својот живот, нема да го надмине.

* * *

Интелектуалната дистанца на Вебер најдобро и конкретно може да се согледа низ неговите ставови за односот меѓу научникот и политичарот. Ова прашање најдиректно се врзува и за нашата стварност. Имено, ние во поглед на овој однос, во таа стварност, земајќи предвид и одредени јавно искажани ставови напишавме дека за нашиот интелектуалец денес (или, барем, за еден одреден број од интелектуалците) се забележува дека е распнат меѓу науката и власта, дека запаѓа во стапицата на власта што "ги нуди гламурот на моќта и авторитетот" па, оттука, тој наш интелектуалец е во еден вид фрустрација меѓу "неатрактивноста и несаканоста на вистината, од една страна, и помпезноста на политичката парола (макар и базирана на лага) дочекана со аплаузи и овации". Кон ваквите забелешки ја приклучивме и констатацијата дека "болеста од која боледуваат дел од интелектуалците, најчесто, се манифестира како притаена желба за власт, што значи дека, најчесто, не се изнесува ставот што треба да се брани, туку ставот што е рентабилен во тој миг".[9] Во смисла на таа рентабилност Вебер, во контекст на расправата за позицијата на универзитетскиот професор, тој вид на интелектуалци ќе ги нарече "beati possidentes" (среќни што имаат).

Ваквите дијагнози, секако, произлегуваат од реалните процеси што настанаа во нашето општество, со плурализацијата и ослободувањето на голема политичка енергија, процеси во кои, како интелектуалец се најде и научникот. Во едни такви состојби Веберовата интелектуална парадигма повторна ја наоѓа својата афирмација и покрај тоа што тој "ги избегнал судовите од типот: дали е добро или лошо да се биде интелектуалец". Таквиот негов став, секако, е во согласност со неговите сфаќања за ослободување од вредносни судови.[10] Неговата интелектуална дистанца веќе наоѓа своја конкретна апликација. Научното треба да се оддели од политичкото во смисла на односот на научникот кон тие две нешта. Тука Вебер е, јасен. Заземањето на практични политички позиции и научната анализа на политичките творби и на партиските позиции се две различни нешта. Тој пишува: "Кога некој говори во народното собрание за демократијата не ја прикрива својата лична позиција и токму тврдото заземање на страна е проклет долг и истовремено вина. Зборовите од кои, тогаш, човекот има потре-

ба се средство, не за научна анализа, туку за политичко придобивање на мислењата на другите луѓе". Тоа пак, што може да го даде науката е "анализата на она што општеството во одреден момент го бара, па во тој правец и на одредените вредности и верувања врз кои тие барање се засновуваат. Вистинските "научни" прашања, во тој поглед, се утврдувањето на емпириските факти преку кои може да се сознае дали развојот на општеството се движи во соодветна насока и дали, навистина, тие барања на општеството можат да се остварат и, доколу се остварат, кои би биле последиците од тоа.[11] Во научна смисла, оттука, треба да се проучуваат и фактите за демократијата како таква, за нејзините различни форми, за нејзиното функционирање. Значи, да се изврши научна експертиза за неа, а не вредносно да се просудува позицијата на овој или оној политички субјект во неа. Науката е само на таков начин делотворна.

Веберовото сфаќање за тоа дека научникот, како граѓанин, може да ги пропагира своите идеали а со тоа да зема и конкретно место во политиката кореспондира со денешното мислење на одредени интелектуалци дека со таквата инволвираност може да се помогне на политиката во изнаоѓањето на соодветни практични решенија. Во овој поглед, Вебер не е далеку од концепцијата на т.н. ангажиран интелектуалец. Но, и тука тој вметнува повторно мала дистанца која тој ја нарекува, во контекст на професорскиот позив, "квалитет на професорот". Тој квалитет не му дозволува на научникот да ја искористува "заштитеноста на катедарската позиција" за изразување на државнички или политички емоции". Коментарот за ова е: науката не може да го заложува својот авторитет за да легитимира една или друга (по дефиниција партикуларистичка) политика и партиска сила.[12]

Вебер, значи, не и го врти грбот на политиката. Науката и политиката како позиви за него, сепак, не се инкопатибилни.

* * *

Може да се заклучи дека интелектуалната дистанца на Вебер, како методолошки но, и како практичен став е една, во многу нешто, суптилна и комплексна интелектуална и психолошка категорија. Како еден вид "вештачки чин", како што ја нарекува Бергер, таа е всушност чин кој бара од научникот, па и од социологот, голем личен напор за да го оствари. Тоа е чин на самоизградување и одрекување од многу нешта во животот. Дуалноста на научникот во поглед на таа дистан-

ца може да биде донекаде премостена со усвојувањето, од страна на научникот на еден вид активна дистанца која, како и многумина други автори, Мајкл Волзер ќе ја нарече "критичка дистанца". Ако Веберовата дистанца, во смисла во која тој ја определува е практично недејствување, тогаш "критичката дистанца" е дејствување или, барем, дистанца која го овозможува дејствувањето. Имено, денес е речиси невозможно, особено во услови на силни општествени промени, да се избегне актот на "општествена критика". Научникот веќе не може да се ослободи од сопственото општество со тоа што ќе се повлече во мирот на академската средина. Најчесто, тогаш него го обвинуваат за молчење. Општествената критика сé повеќе станува услов на колективната рефлексија на стварноста. Често, меѓутоа, ќе ја чуеме забелешката дека интелектуалецот од која и да е сфера на творештвото, сепак, се јавува како критичар на стварноста низ самото тоа творештво. Волзер, меѓутоа, многу убаво забележува дека "општествената критика" не е исто што и, на пример, "литературната критика". "Општествената критика" е општествена дејност, а не индивидуален чин на творештво. Општествените критичари се обраќаат јавно кон другите членови на општеството па усвојувањето на тоа обраќање е колективен чин а не поединечен.[13]

Во тоа обраќање "критичката дистанца" е она што треба критиката да ја обезбеди од субјективизам. Волзер тоа го илустрира со примерот на т.н. "наша страна". Имено, кога "нашата страна" (можеме да речеме, во случајов нашата партија) постапува лошо, таа е се уште наша и можеби ние сме посебно задолжени да ја критикуваме нејзината политика. И, сега, вели Волзер, посвојната заменка станува проблем.[14] Проблемот, всушност, се состои во заземањето на "критичката дистанца". Имено, во заземањето на таа дистанца кон "твоите" не е, секако, лесно "да се одвоиш, емоционално или интелектуално" од нивните вредности и интереси. Критиката е, секако, надворешна дејност како што вели Волзер. Но, ние би рекле дека критичката дистанца е, пред сé, внатрешен, сопствен интелектуален чин: да се оддалечиш од својот личен интерес, да го надминеш сопственото его, иако тој чин е, често, проследен со практични последици. Тоа, пак, значи издигнување над ограничените сфаќања и погледи на сопствената средина и расчистување со нејзините предрасуди.

И тежината на социолошкиот позив е таа. Но, стои и вистината дека ако не биде остварена таа дистанца, барем во условите во кои живееме на социологијата повторно ќе се надвиснат две сериозни закани. Првата е социологијата да биде инструментализирана од страна

на политиката, а втората, социологијата да доживее, уште еднаш да стане своевидна теологија на системот. Кога е во прашање таа тежина нека ни биде дозволено, и во оваа пригода да го наведеме примерот на Вебер. Имено, кога му го поставиле на Вебер прашањето: Ако веќе така мислите, зошто и натаму се занимавате со социологија, тој наводно, одговорил: сакам да дознаам колку можам да издржам.[15]

На полето на социологијата Вебер издржал и останал доследен на своите сфаќања. Актуелноста на неговото дело е несомнена и оттука, секакви дилеми околу тоа дали е тоа дело некаков "музејски експонат", се чини, се депласирани. Нема застарени и нови мислители. Има само добри и лоши мислители. Овие вториве, веројатно, нема да го достигнат ни тоа: да бидат музејски експонат.

**Забелешки:**

1. v. Max Weber-Relectures a l'ouest, relectures a l'est, Maison des Sciences de l'Homme et de la Societe, Sofia, 1999.
2. v. Berger L. Peter, Moralno rasuđivanje i politička akcija, sp. "Pregled", Ambasada SAD u Beogradu, br. 247/1989, str. 2-7.
3. Исто, стр. 3
4. Исто, стр. 5
5. Лукић Д. Радомир, О Максу Веберу (предговор кон делото на М. Вебер "Привреда и друштво", изд. "Просвета", Београд, 1976, стр. XIII.
6. в. Вебер Макс, Ученият и политикът, "Microprint", София, 1993, стр. 113-114.
7. Исто, стр. 124
8. Исто, (вовед на Румен Даскалов) стр. 34
9. в. Корубин Јован, Збогум интелектуалци, изд. "Матица македонска", Скопје, 1999, стр. 54.
10. в. поопширно за тоа во трудот: Znepolski Ivaylo, Max Weber et le debat post-weberien sur les intellectuels (во: Max Weber-relectures a l'ouest, relectures a l'est, MSHS, Sofia, 1999.
11. в. Вебер Макс, Академичната свобода в немските университети, сп. "Социологически проблеми", 1997/3-4, стр. 52.
12. Вебер Макс, Ученият и политикът, (вовед на Румен Даскалов) стр. 34.

13. Питер Бергер прави убава суштинска дистинкција меѓу термините позив и професија. Според него, употребувајќи го терминот "позив" Вебер мислел на занимање на кое човекот "го повикува Бог, судбината, околностите, можеби и внатрешната неопходност (Бергер, наведениот труд, стр. 7).

14. Уолзьр Майкьл, Интерпретация и социална критика, "Критика и хуманизьм", София, 1998, стр. 44.

15. Berger Peter, наведениот труд, стр. 7